Р. Северна Македонија - R. e Maqedonisë së Veriut - Kuzey Makedonya C.
Општинско основно училиште БРАТСТВО МИЃЕНИ
Shkolla fillore komunale BRATSTVO MIGJENI
B.i.O.O. BRATSTVO MYGYENI
Тетово - Tetovë - Kalkandelen

| Примено / Pranuar / Kabul Tarihi | 14. 12. 2022 | | |
|---|---|---|---|
| [illegible] | Број / Numer / No | Прилог / Shtojce / Ilave | Вредност : / Vlera : / Değer: |
| 0302 | 766/1 | | |

До

Основните училишта во

Р.С.Македонија

Барање за информации од јавен карактер

Почитувани

Ние родителите од граѓанската иницијатива "Учебници и настава мора да има" и членовите од Асоцијацијата за унапредување на воспитно- образовниот систем и заштита на правата на децата и младите во образованието "Либрис плус", сме крајно загрижени од непочитувањето на детските права и законите од страна на МОН. Повторно нашите деца се дискриминирани, за дел од нив има учебници, за дел од нив нема, со што ви е отежната и вам работата почитувани.

Согласно уставот, ЗОО, и законот за учебници, се прекршени многу членови и нашите деца немаат непречено и бесплатно образование и не се третирани еднакво според уставот, како и Член 2 од законот за учебници и наставни материјали за основно и средно образование е прекршен во сите образовни институции.

Поттикнати од неиздржаните изјави на министерот за образование и наука Јетон Шаќири на неговиот вчерашен прес, ние ќе се повикаме на повисоки институции да ни помогнат да го решиме овој проблем.

За таа цел од вас ги бараме следните информации од јавен карактер:

1. Дали учениците од 1-во до 5-то одделение добија печатени учебници?
2. Кои учебници најчесто недостигаат кај учениците од 6-то до 9-то одделение?
3. Дали сте се обратиле до МОН и БРО да доставаат учебници во вашето училиште?
4. Дали имате недостаток од други неопходни средства за работа во вашето училиште?

Однапред ви благодариме за вниманието и соработката.Само со заедничка соработка и труд ќе ги решиме сите проблеми што ги засегаат учениците, родителите и вас како образовни институции.

Со почит

Овластен застапник М.П. Дата

Драгана Спасевска 13.12. 2022

0301- 767/1
15.12.22

### Одговор на барање

### Информации од јавен карактер

Врз основа на Вашето барање доставено преку електронска пошта на ден 13.12.2022 година. ООУ"Братство-Мигени"-Тетово Ви ги доставува селдните информаци од јавен карактер:

1.Учебниците за учениците од 1 –во до 5-то одделение се при крај на дистрибуција.

2.Кај учениците од 6-то до 9-то одделение најчесто недостигаат следните учебници:

-македонски јазик за други заедници (нарачани);

-англиски јазик АНЈ и МНЈ (нема понуда);

-германски јазик на АНЈ и МНЈ (нема понуда);

-географија на АНЈ и МНЈ (нарачани );

-музичко АНЈ,МНЈ (нарачани).

3.Да,нашето училиште има доставено барање во хартиена форма за потребните учебници до МОН и до БРО.

4.Од неопходните средства за работа во нашето училиште има недостаток на лектири на МНЈ,АНЈ и ТНЈ.

**Со Почит,**

**Иматèл на информации**

**од Јавен карактер**

Хатиџе Цека

Cteka